Влада на Република Северна Македонија

Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Арх.бр.: 14-7220/2
Дата: 22-07-2025

# ЗАПИСНИК

## од вториот работен состанок на членовите на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија

Работниот состанок на членовите на Националното координативно тело (во понатамошниот текст - НКТ) за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст - Стратегијата) се одржа на 03.07.2025 година, со почеток во 10.00 часот, во старата сала во Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа:

Министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, д-р Шабан Салиу - Национален координатор; Љубица Томиќ - член, Кабинет на МИСР; Ајдоган Демири - заменик член, Кабинет на МИСР, Адалет Мустафа - записничар, Кабинет на МИСР; Нахида Зекирова - член, МСПДМ; Мерита Мустафи - член, МОН; Влатко Николовски - член, МВР; Сузана Камческа - член, МТ; Кристина Брњарчевска - член, МЕП; Марија Хаџи - Василева Белевска - член, МФ; Македонка Коцева - МК; Никола Прокопенко – член, МП; Оливера Ставрова – член, МЕТ; Фатон Даути – член, МЗ; Емин Скендеров – член, МЛС; Ѓултен Мустафова - ОБСЕ; Мерсиха Усеин – Совет на Европа; Алиса Бегзати - ОБСЕ; Асиб Зекир – НВО РЕДИ; Мартина Иљаз – НВО РЕДИ; Себихан Демировски - НВО Ромски ресурсен центар - Скопје; Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија; Ахмет Јашаревски - Ромси општински центар ДРОМ Куманово; Муарем Шакировски - Ромси општински центар ДРОМ - Куманово; Жаклина Дурмиш – Здружение центар за образовна поддршка - Дендо Вас; Урмета Арифовска – НВО РРОМА-Кратово; Мустафа Сеидов – НВО ЦРЗ Светла иднина.

За овој состанок на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата беше предложен следниот

Влада на Република Северна Македонија

Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

ДНЕВЕН РЕД:

1. Презентирање на спроведени активности кои произлегуваат од Националните акциони планови од страна на ресорните министерства за периодот од 01.01.2025 до 01.06.2025 година;
2. Информација за спроведени и идни активности кои произлегуваат од меѓународната иницијатива „Интеграција на Роми 2020-2030",
3. Разно.

По **првата точка**, по поздравното обраќање кон присутните, Националниот координатор, д-р Шабан Ќалиу, во своето понатамошно обраќање, повторно ја нагласи важноста на НКТ за следење на имплементацијата на Стратегијата. Националниот координатор очекува да се изнајдат системски решенија за трајно решавање на проблемите со кои се соочува ромската заедница во Република Северна Македонија, но голем придонес кон подобрување на состојбата на Ромите ќе дадат и членовите на НКТ, со одговорна и посветена работа во рамки на ова тело.

По излагањето на Националниот координатор, претставниците од министерствата ги презентираа спроведените активности кои произлегуваат од Националните акциони планови на ресорните министерства во насока на спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, за периодот од 01.01.2025 до 01.06.2025 година:

Нахида Зекирова од **Министерството за социјална политика, демографија и млади**, информираше за тековните проекти , односно:

Проектот „Инклузија на деца Роми" се спроведува веќе 16 години, а учебната 2024/2025 година е 6 година по ред во која, со Заклучок од Владата на Република Северна Македонија, децата Роми од семејства од социјален ризик се вклучени во предучилишното образование со ослободување од плаќање партиципација за услугите на јавните детски установи. Во учебната 2024/2025 година, вкупно 150 деца се опфатени со оваа препорака на Владата. Во спроведувањето на овој проект се вклучени 19 општини;

Во текот на изминатите години од спроведување на проектот кој се однесува на ромските информативни центри (РИЦ), извршена е систематизација и овозможено е трајно вработување на лицата во центрите за социјална работа. Во 2025 година до крајот на месец Мај, во функција остануваат 5 РИЦ-ови во следните градови: Гостивар, Неготино, Шуто Оризари, Тетово и Кичево. До крајот на Мај 2025 година, во овие центри дадени се повеќе

од 120 услуги од различни области. Се прават напори за систематизирање и редовно вработување на лицата од РИЦ-овите.

Имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени; продолжува мапирањето на лицата кои не поседуваат лична документација: од вкупно 526 лица, остануваат 159 предмети кои поединечно и постепено се решаваат;

МСПДМ во соработка со Општина Гази Баба работи на законско обезбедување на правата на семејствата Роми кои живеат во објектот „Ранка Милановиќ", кои претходно се мапирани како социјално-загрозени;

МСПДМ информира дека презема мерки за згрижување на лицата под Кале во ЈУ Прифатен центар во Визбегово; сè уште остануваат дислоцирани 15 семејства од кои 25 се возрасни и 55 деца. Од нив 25 деца се запишани во основно училиште, но поради тешките услови за живеење дел од децата не се редовни во училиштата. Од возрасните лица, 20 се активни баратели на работа, се цели кон нивно вработување.

МСПДМ со поддршка од заедничкиот проект од Европската унија и Советот на Европа „Интеграција на Роми - фаза 3" пристапи во подготовка на Закон за социјално домување. Информацијата е подготвена и е во процес на усвојување во Владата. Министерството, во рамки на оваа активност, ќе формира експертска работна група која заедно со експертите обезбедени од проектот, ќе подготви Предлог - текст на Законот кој ќе биде предмет на јавна расправа и повеќе циклуси за консултации со сите засегнати страни.

Сузана Камческа зема збор и извести дека **Министерството за транспорт** работи на 2 проекти кои ги имплементира во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030:

Социјално домување - Изградба на станови за лица од социјален ризик, 1723 стана распределени во 32 града и е во завршна фаза. Проектот го реализираат со помош од Банката за развој при Советот на Европа. Во периодот од 01.01 до 31.05.2025 г. имаат објавено огласи за распределба на станови во Струмица и во Гевгелија, по 21 стан од општина. Тие се нераспределените станови од претходните огласи, од причина што граѓаните не ги исполнувале сите услови за добивање на стан. Становите се распределени, а конечните листи се објавени јавно на веб-страната на Министерството за транспорт и секој може да направи увид.

Комунална инфраструктура – Донесена е Одлука на Влада, која е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 129 на 26.06.2025 година, со која е предвиден буџет 20.000.000 денари. Согласно Одлуката, средствата се распределени како

капитални донации до локалните самоуправи. Доделени се средства во следните општини: Ш.Оризари, Битола, Тетово, Делчево, Зелениково, Кратово,Струмица, Кавадарци, Василево, Јегуновце, Гевгелија, Берово, Ранковце, Виница и Босилово. Потребно е да се направат напори за зголемување на овој буџет.

Никола Прокопенко извести дека **Министерство за правда** е надлежно за една активност од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2025, антициганизмот. Но, иако не е дел од Стратегијата, Министерството за правда работи и на проблемот со питачењето. Дополнително, во кривичниот законик внесени се значајни интервенции во кривичното дело - Трговија со дете, а тоа значи дека доколку се случи тешка телесна повреда, растројство на дете кое питачи, родителите или старателите на детето ќе се соочат со казна затвор од најмалку 10 години.

Мерита Мустафи ги претстави активностите на **Министерството за образование** насочени кон унапредување на пристапот до образование за Ромите. Измените на законите за основно и средно образование обезбедуваат дополнителна поддршка за ученици со потешкотии во учењето, вклучително и ученици Роми. За таа цел, МОН ќе распише конкурси за ментори-тутори, на кои ќе може да аплицира и наставен кадар со помал фонд на часови, покрај Роми.

Ромските образовни медијатори, како дел од член 37 од Законот за основно образование, веќе шест години активно работат на подобрување на информираноста и намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето. Бројот на медијатори е зголемен од 18 во 2018 година на 50 во 30 општини.

Дополнително, направени се измени во член 36 од Законот за основно образование, со кои се спречува упис на деца надвор од нивниот реален реон, што претходно водеше до сегрегација. Во процесот е вклучена и Комисијата за спречување на дискриминација, а се изготвува и план за намалување на сегрегацијата.

МОН објави и конкурси за подготовка на учебници на ромски јазик за шесто до деветто одделение, со олеснети услови за рецензенти. Во средното образование продолжува проектот за ученички стандард со доделување на 1200 стипендии за ученици Роми во четири категории. Во високото образование се доделуваат 150 стипендии за студенти Роми.

Македонка Коцева од **Министерството за Култура** истакна дека од Министерството за култура еднаш годишно се објавува оглас за доделување средства и според Законот за култура, тие средства не се делат по заедници, бидејќи сите граѓани се еднакви пред законот. Во постоечките програми имаат планови за реализација, преку кои ќе се истакне ромската култура и традиција, но потребно е да се реализира средба помеѓу министрите и

да се разгледаат сите можности. Во однос на вработувањето, од досегашните конкурси нема унапредени, односно нема вработени Роми во Министерството.

Оливера Ставрова од **Министерството за економија** истакна дека на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Северна Македонија секоја година донесува оперативен план за активни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, со цел квалитетно вклучување на невработените лица на пазарот на трудот во Македонија. Согласно Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, ќе се залагаат за зголемување на опфатот на Ромите во активните мерки за вработување со воведување на квота од 5%. Во тек се огласите за самовработување односно претприемништво. Во моментот има повеќе активни огласи на кои можат сите невработени лица да се пријават. Преку директно вработување или преку обуки, невработените лица можат да се стекнат со критериуми и вештини потребни за вклучување на пазарот на трудот.

Љубица Томиќ, претставник на **Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030**, истакна дека Кабинетот на министерот без ресор за прашања поврзани со ромската заедница започна со работа во јули 2024 година и брои 12 ангажирани лица кои активно работат на спроведување на Стратегијата за Роми 2022–2030.

Преку теренска работа, меѓуресорска координација, меѓународна соработка и секојдневен прием на граѓани, Кабинетот се залага за унапредување на положбата на Ромите во земјата. Министерот учествуваше на повеќе меѓународни настани, меѓу кои и конференции на високо ниво организирани од Советот на Европа и во Берлин.

Кабинетот организираше и коорганизираше неколку значајни настани, вклучително и донаторската конференција „Ромите и нивните пријатели" и настан по повод 8 Март, во соработка со UN Women, посветен на правата на ромските жени и девојки. Редовно се одбележуваат значајни датуми како 8 Април – Меѓународен ден на Ромите и 5 Ноември – Ден на ромскиот јазик.

Во рамките на Стратегијата, се одржуваат меѓуресорски состаноци за следење на напредокот во клучни сектори. Во образованието, започната е иницијатива за вклучување на темата за ромскиот холокауст во наставните програми. Во здравството, се работи на институционализација на ромските здравствени медијатори. Во соработка со Министерството за финансии, се бара зголемување на буџетот за спроведување на мерките. Во областа на домување и документација, се соработува со релевантни институции за полесен пристап до услуги и документи.

Кабинетот секојдневно прима граѓани од ромската заедница и обезбедува поддршка во социјална заштита, образование, домување и здравство. Исто така, е задолжен од

Владата да го води процесот за имплементација на препораките од Комисијата за спречување на дискриминација за жителите на Тунел Бараки, Велес, каде е утврдена етничка и социјална дискриминација.

Во соработка со УНОПС, се спроведува прва сеопфатна евалуација на Стратегијата, со цел подобрување на мерките и подготовка на нови акциски планови.

Кабинетот воспостави партнерства со странски амбасади и меѓународни организации, резултирајќи со заеднички иницијативи и проекти. Во завршна фаза е формирање на ромски младински фудбалски клуб, поддржан од странска амбасада, со цел преку спорт да се поттикне вклучување и активност на младите Роми во општеството.

Во однос на **втората точка**, членовите на НКТ на кратко беа информирани за спроведените, тековни и идни активности кои произлегуваат од меѓународна иницијатива „Интеграција на Роми 2020-2030", од страна на Мерсиха Усеин од Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, проектен офицер на **проектот „Интеграција на Роми - 3 фаза"**.

Мерсиха Усеин истакна дека овој проект се спроведува во повеќе земји од Западен Балкан и Турција, и е поддржан од Европска унија и Советот на Европа.

Проектот опфаќа повеќе компоненти:

1. Дискриминација и антициганизам;
2. Социо-економска интеграција на Ромите во делот на домување, вработување, здравство и др.,
3. Зајакнување на капацитетите за националните институции во делот на справувањето со предизвиците со кои се соочува ромската заедница во сите овие области.

За **граѓанска регистрација**, во рамки на проектот, преку грантот што го проведуваат Млади правници, во Македонија до сега се обезбедени лични документи за 240 лица. Утврдени се 50 нови случаи без документација, во делот на спроведените инфо- сесии спроведени во неколку општини, од кои голем дел се деца. Исто така, во делот на граѓанската регистрација, била организирана и регионална конференција во Подгорица, Црна Гора, со сите засегнати страни и била договорена регионална соработка и размена на искуства во делот на праксата и на добрите практики од земјите во кои се спроведени.

Во делот на **домување,** проектот поддржува Студија на изводливост за услови на домување, во 10 општини: Битола, Гази Баба, Карпош, Гостивар, Шуто Оризари, Кочани, Прилеп, Струмица, Тетово... Во моментов се изработува анализа на националното

законодавство и проверуваат во кој дел од Законската рамка во делот на домување може да се надгради, од каде произлезе потребата за подготовка на Закон за социјално домување, за што проектот дава поддршка, односно финансиски ја обезбедува подготовката на текстот. Се очекува да се формира и експертската група која ќе работи на текстот на овој закон.

Во рамки на проектот подготвена е **дигитална платформа** за сите ромски населби кои биле мапирани во 2021 год. во втората фаза на проектот „Интеграција на Роми“. Платформата ќе им биде на располагање на релевантните институции, кои понатаму ќе ја користат како основа во делот на планирање, креирање и мониторинг на стратешките документи кои се однесуваат на делот домување.

**Легализација-** досега се легализирани 29 објекти во Виница, Кочани и Велес. Се очекува уште 21 објект да бидат легализирани до крајот на 2025 година.

**Антициганизам** – подготвена е анализа ( финална фаза ) за утврдување на степенот на антициганизмот во наставните програми коишто се изучуваат од 6 до 9 одделение. Врз основа на оваа анализа, подготвена е лекција која се однесува на ромската култура традиција и јазик, која ќе биде вметната во предметот историја за 8 или 9 одделение, кој е задолжителен предмет и кој, на некој начин, ќе овозможи да се надмине стереотипот којшто го има неромската заедница кон ромската заедница.

Во рамки на антициганизмот, се работи и со медиумите, организирана е регионална работилница односно обука за обучувачи во делот на антициганизам, која била составена од новинари и уредници кои треба да го проследат нивното знаење со колегите коишто работат во оваа област.

Проектот „Интеграција на Роми - 3 фаза“ дава поддршка и за **вработувањето** на Ромите. Во соработка со РЕДИ, дава поддршка за креирање на оперативниот план за вработување. Исто така, зголемен е износот во активната мерка за претприемништво (самовработување).

Регионални активности- градиме каапацитети на институции во делот на зелена економија и зелена агенда.

Подготвена е **дигитална платформа** за следење на сите стратешки документи кои се однесуваат на интеграција на Ромите. Националните контакт точки во регионот ќе имаат механизам за следење на имплементацијата на Стратегиите и националните акциски планови, со цел да се зајакне процесот на имплементација на Стратегијата.

Ѓултен Мустафова, претставник на **Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје**, зема збор и истакна дека ќе преземе координација во однос на решавање на останатите случаи за граѓанска регистрација.

Под **точка Разно** се разви дискусија на повеќе прашања, односно:

Зоран Димов од Здружението Ромски деловен информативен центар на Македонија постави неколку прашања до членот од МСПДМ, односно:

1. Зошто нема Ромски информативни центри во Источна Македонија?
2. Случајот со лицата под Кале е стар, зошто се повторува?
3. Што е направено за лицата кои живеат во Ранка Милановиќ?

Исто така, Зоран Димов понуди помош од страна на НВО околу подготовката на буџетот за 2026 година.

На овие прашања, Нахида Зекирова одговори дека РИЦ-ови во Источна Македонија има и дека таму одамна е донесено трајно решение во однос на редовно вработувањето на лицата кои работат таму.

Лицата затекнати по Кале биле дислоцирани прво во Ранка Миланович, а потоа во Визбегово, но еден дел се останати во Ранка Милановиќ.

За случајот Ранка Милановиќ, заменик-министерот на МСПДМ, во соработка со Градоначалникот на Општина Гази Баба, работи на изнаоѓање трајно решение за овие лица.

Доколку има потреба за подготовка на буџетот за 2026 година, НВО ќе бидат вклучени.

Ѓултен Мустафа ги постави следните прашања:

1. За кога се планира формирањето на работната група која ќе работи на Законот за социјално домување?

ОБСЕ може да се вклучи со изработка на фискалниот дел и да обезбеди буџет за тој закон.

2. Дали се планира нов оглас за образовни медијатори за оваа или за следната година?

3. Дали во Кривичниот законик ќе има превентивна програма за превенција и заштита на децата – питачи?
4. Дали се планира да се врати буџетот во Министерство за култура и Министерството за локална самоуправа, кој што беше укинат од претходната Влада?
5. Дали се планирани и други измени во условите за користење на мерките за самовработување?

Мустафа Сеидов од НВО ЦРЗ Светла иднина, праша:

1. Бројките во градинките и извештаите за ослободување на децата од партиципација во градинките не се исти, зошто е тоа така?

Тој предлага дека покрај таа мерка треба да има и мониторинг, за да се утврди дали договорот којшто е вклучен помеѓу општината и министерството е испочитуван.

Жаклина Дурмиш од НВО Дендо Вас, праша:

1. Дали и што подготвува МОН, како предлог, да се внесе во Стратегијата , а е поврзано или потребно на ромската заедница и е дел од Стратегијата за Ромите?

Ахмед Јашаревски од НВО ДРОМ – Куманово ги постави следните прашања:

1. По однос на јавните повици од МТ, општина Куманово повторно не е меѓу оние општини на кои им се доделуваат средства, зошто е тоа така?

Средствата кои се доделуваат од Владата остануваат неискористени, а многу ромски населби остануваат неурбанизирани!

2. Општина Куманово не е меѓу оние општини каде се доделуваат социјални станови.Зошто и кои се условите што треба да бидат исполнети за да се вклучи и да аплицира за социјални станови?

Мартина Иљаз, претставничка на НВО Реди, ги постави прашањата:

1. Зошто во АВРСМ не е вработено ниту едно лице од ромска националност?.
2. Дали има техничка поддршка за Ромите за аплицирање за мерките за претприемништво?

3. Кој им помага на Ромите за да аплицираат за социјални станови, дали има техничка поддршка?

Мерсиха Усеин од Советот на Европа во Скопје потенцираше дека е многу важно да се донесе Законот за легализација и побара од Кабинетот повторно да го иницира процесот за носење на овој закон, повеќе од 5000 објекти чекаат за легализација.

Проектот „Интеграција на Роми – фаза 3" е проект кој се однесува на национално ниво, не на локално. Општина Куманово се зема во предвид во делот на домување.

Сузана Камчева од МТ одговори на прашањето за легализација, таа истакна дека сите граѓани што имаат објекти за легализација, до 2011 година, сите тие поднеле барања за легализација и процесот е завршен. Не може да се легализираат објекти кои се на несоодветно место. Исто така, одговори дека МТ кога го објавува јавниот повик, сите општини имаат право да аплицираат доколку имаат потреба и доколку ги исполнуваат потребните услови. Општина Куманово треба да аплицира со целосна документација.

Нахида Зекирова одговори дека во градинките има мониторинг, освен оваа година поради недостаток на средства.

Состанокот заврши во 12.00 часот. Дел од прашањата кои останаа неодговорени, ќе бидат доставени до соодветните страни, како би го дале својот одговор на истите.

Записничар:
Адалет Мустафа